Совет на Општина Делчево
Број 09- 1681 /3
27.10.2020 година
Д е л ч е в о

# ЗАПИСНИК
## од одржаната 46.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 27.10.2020 година (вторник), во фоајето на Спомен-домот АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Кристи Стојковски
12. Вице Стоиловски
13. Дијана Јосифовски
14. Билјана Ѓеоргиевска
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој за 46.седница го предложи следниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записник од 45.седница на Советот

1. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;

   **Образлагач**: Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

2. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево;

3. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.

4. Предлог- Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;

5. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето;

   Образлагач:По точките 2,3,4 и 5- Ванчо Новоселски-Советник за образование.

6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда број 2-по барање Томчо Прчовски;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект , гаража зграда број 3-по барање на Томчо Прчовски;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект за сместување на храна за животни,зграда број 2-по барање на Горан Ѓорѓиевски;
9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објектдоградба на тераса на продавница за храна, зграда број 1-по барање Атанас Ангеловски;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Ристовски
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драган Синадиновски;
12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станке Ивановски ;
13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Розетка Златкова;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање Живко Миленски;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Кенан Еминов;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Кенан Еминов;

17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Делче Стоименовски;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Дејан Цековски;
19. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Дејан Цековски;
20. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стоица Иванов;
21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Тренчовски;
22. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Стефан Стоичов;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Атанас Милошевски;
24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Анита Мијалкова;
25. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станка Ангелова;
26. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.4 по барање на Станка Ангелова;
27. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Станка Ангелова;
28. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект настрешница зграда бр.1 по барање на Киро Стојковски;
29. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Киро Стојковски;

30. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект со трпезарија зграда бр.1 по барање на МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА;

31. Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за 10(20) КВ надземен вод од ДБ 10 КВ развловци до Трафостаница 10/0,4 КВ, пумпи Вирче-Општина Делчево;

    **Образлагач**: По точките од 6 до 31-Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

32. Измена на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

    **Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

33. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица.

    **Образлагач:** Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево

34. Деветмесечен извештај финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период 01.01.2020 до 30.09.2020 со Заклучок за усвојување;

    **Образлагач**:Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево и Марија Сумрачка-Одговорен сметководител на ЈКП „Брегалница"-Делчево.

35. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени на висината на надоместокот за користење на мртовечница со ладилник (капела) на Градски гробишта Делчево;

    **Образлагач**:Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.

36. Прашања и предлози.

Претседателот на Советот отвори расправа по предложениот дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред, беше затворена и дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

**Прва точка-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;**

Образложение по точката поднесе Анка Христова-Раководител на Одделението за финансии која истакна дека со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на општина Делчево за 2020 година, извршени се измени и дополнување на буџетот на општината, односно извршено е намалување на буџетот од околу 14,8% и вкупниот буџет ќе изнесува 301.439.700 денари.

Ребалансот претставува нов буџет за годината за која се донесува.

Намалувањето на вкупниот Буџет на општината со измените и дополнувањата е за 52.628.411 ден. и тоа намалување на основниот буџет за 32.204.000 ден., или 29%,

незначително намалување на буџетот на дотации за 318.211 ден., намалување на буџетот на донации за 14.490.200 ден. или 32% и намалување на буџетот на кредити за 5.616.000 денари, или за 17,4%. Во буџетот на самофинансирачки активности нема измена.

Во групата 71, даночни приходи (данок од доход, даноци на имот, даноци на специфични услуги и такси за користење или дозволи за вршење на дејност), намалувањето е за 1.561.000 ден,или 4,3%, и тоа, намалување има кај данокот на наследство и подарок и планирано е намалување на данокот на специфични услуги, бидејќи според направената анализа сметаме дека истите до крајот на годината нема да се наплатат.

Во даноци на специфични услуги влегуваат сите видови на комунални такси (комунална такса за истакната фирма, ком.такса за користење и одржување на јавното осветлување, ком.такса за користење на простор пред деловен простор и др.,) како и надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Неданочните приходи или група 72, се намалени за 3.300.000 денари, или 62%. Овде намалувањето произлегува од намалените останати неданочни приходи, кои беа планирани во износ од 4.100.000 денари а се намалени на 600.000 денари.

Во делот на планираните капитални приходи (група 73) имаме намалување за 250.000 денари или за 6%.Намалувањето произлегува од нашите пресметки за намалени приходи од продажба на неизградено градежно земјиште, и приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата.

Во делот на трансфери и донации имаме најголемо намалување на приходите за 27.093.000 денари или за 41,5%.

Намалувањето произлегува од тоа што, средствата кои беа доделени на општината од АФПЗРР,и планирани за оваа година за изградба на улиците во нас.Басарица, имаме информација дека до крајот на годината истите нема да пристигнат.

Вкупните приходи од самофинансирачките активности остануваат исти и во ребалансот, само се извршени измени со пренамена во поодделни потставки, на оние кои до крајот на годината нема да бидат искористени за сметка на оние потставки кои ќе бидат потребни за работењето на буџетските корисници.

Во буџетот на донации имаме исто така намалување и тоа од 68% или во износ од 14.490.200 денари. Овде се скратени средствата од ЕБР, кои беа планирани за одделување на фекалната од атмосферската канализација на ул.„ Вера Јоциќ“, „Улица бр.7“ и„ Маршал Тито“, но бидејќи тендерот беше спроведен од страна на министерството за транспорт и врски средствата пристигнаа на нивна сметка. Намалени се исто така и планираните средства во програма противпожарна заштита (капитални расходи) за купување на камион во износ од 6.200.000 денари кој ќе служи за потребите на противпожарната единица.

Во буџетот на кредити се намалени планираните средства кои произлегоа од задолжувањето кое изнесува 32.253.000, но бидејќи договорот кој е склучен со фирмата изведувач на работите за реконструкција на улиците „В.Јоциќ“, „ Улица бр.7 “ и „Маршал Тито“ изнесува 26.637.000 и истите се намалени на тој износ и се смета дека ќе бидат завршени и исплатени до крајот на годината.

Што се однесува до билансот на расходите износите се менуваат како што следува во Предлог-Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2020 година и согласно буџетското

начело за буџетска рамнотежа и расходниот дел се намалува за истиот износ како и приходниот дел.

При анализата на **основниот буџет** ќе видиме дека се намалува исто така за 32.204.000 денари како и во билансот на приходи и истиот изнесува 78.677.000 денари.

Во расходниот дел има зголемување во делот на платите и надоместоци од плати, во износ од 901.000 денари, во делот на стоки и услуги износот се намалува за 2.987.000 денари, односно за 13%.

Кај 421 комунални услуги, греење, комуникација и транспорт имаме незначително зголемување за 19.000 денари.

На конто 423 материјали и ситен инвентар е планирано намалување за 1.433.000 денари, или за 35,5%.

Кај 424 поправки и одржување намалувањето е за 2.224.000 или за 43,5% .

На конто 425 Договорни услуги имаме зголемување за 141.000 или за 2,8%. Зголемување има и кај привремените вработувања конто 427 во износ од 832.000 денари.

Трансфери до невладини организации, конто 463 намалување во износ од 700.000 денари.

Конто 464-Разни трансфери – намалување за 194.000 денари. (овде влегуваат стипендиите за ученици, за студенти, плаќања по судски решенија и други трансфери.

Конто 48- капитални расходи – намалени се за 29.047.000 денари.

**Во посебниот дел од буџетот** се дадени сите измени и дополнувања по ставки и програми и потпрограм, доколку имате прашања, повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

С0 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ги донесе измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година.

**Втора точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи Ванчо Новоселски кој истакна дека и оваа година Општина Делчево ќе додели 28 ученички и студентски стипендии. Со оваа одлука ќе се доделат 10 стипендии кои се однесуваат на ученици од 2, 3 и 4 година кои учат во СОУ „М.М. Брицо“ и се со континуиран одличен успех од 4,50 до 5,00 чии родители се невработени, со ниски месечни примања или социјални случаи, опфатот на стипендиите се зголеми од 6 на 10 ученици, а износот на една стипендија е 1000 денари за период од 9 месеци во текот на учебната година.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

**Трета точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето.**

И оваа точка ја образложи В.Новоселски кој истакна дека во втората категорија ќе се доделат 8 стипендии на ученици од 2, 3 и 4 година кои учат во СОУ „М.М.Брицо“ и се со континуиран одличен успех од 4,50 до 5,00, а во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено 1, 2 или трето место на државни или регионални натпревари. И во оваа категорија е зголемен бројот на ученици кои ќе добиваат месечно по 1,500 денари за период од 9 месеци.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;**

Во врска со оваа точка В.Новоселски истакна дека Општина Делчево ќе додели 6 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РМ кои ги исполнуваат условите: да се редовни студенти и со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени со ниски месечни примања или приматели на социјална помош, студентите да се жители на Општина Делчево. Предност ќе имаат студентите кои не се корисници на друга стипендија или кредит од друга институција. Стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно, а ќе се доделува во период од 9 месеци.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија.

**Петта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето.**

И оваа точка ја образложи Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека стипендиите ќе се доделуваат на редовни студенти од сите студиски години освен I (прва) студиска година кои постигнале особено висок успех во студирањето и тоа:

-за студенти на техничките факултети и медицински науки кои постигнале просечен успех од најмалку 8,00;

-за студенти на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите кои постигнале просечен успех 9,00.

Износот на месечната стипендија е 3.500,00 денари и истата студентите ќе ја добиваат 9 месеци.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда број 2-по барање Томчо Прчовски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда број 2-по барање Томчо Прчовски.

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект , гаража зграда број 3-по барање на Томчо Прчовски.**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект , гаража зграда број 3-по барање на Томчо Прчовски.

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект за сместување на храна за животни,зграда број 2-по барање на Горан Ѓорѓиевски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект за сместување на храна за животни,зграда број 2-по барање на Горан Ѓорѓиевски.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат доградба на тераса на продавница за храна, зграда број 1-по барање Атанас Ангеловски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект доградба на тераса на продавница за храна, зграда број 1-по барање Атанас Ангеловски.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Ристовски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Ристовски;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драган Синадиновски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска

документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драган Синадиновски.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станке Ивановски** ;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станке Ивановски.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Розетка Златкова;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Розетка Златкова.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање Живко Миленски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање Живко Миленски.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Кенан Еминов;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе

Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект надвор од плански опфат објект објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Кенан Еминов.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Кенан Еминов;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Кенан Еминов.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Делче Стоименовски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Делче Стоименовски.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Дејан Цековски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Дејан Цековски.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Дејан Цековски**;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Дејан Цековски.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стоица Иванов;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стоица Иванов.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Тренчовски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Тренчовски.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Стефан Стоичов;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Стефан Стоичов.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Атанас Милошевски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат  објект надвор од плански опфат објект зграда бр.1 по барање на Атанас Милошевски.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Анита Мијалкова**;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Анита Мијалкова.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станка Ангелова**;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станка Ангелова.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.4 по барање на Станка Ангелова;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект помошен објект зграда бр.4 по барање на Станка Ангелова;

**Дваесет и седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Станка Ангелова;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден

објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Станка Ангелова.

**Дваесет и осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект настрешница зграда бр.1 по барање на Киро Стојковски;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект настрешница зграда бр.1 по барање на Киро Стојковски.

**Дваесет и деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Киро Стојковски**;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Киро Стојковски.

**Триесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект со трпезарија зграда бр.1 по барање на МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА;**

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект со трпезарија зграда бр.1 по барање на МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА.

**Триесет и прва точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за 10(20) КВ надземен вод од ДБ 10 КВ Разловци до Трафостаница 10/0,4 КВ, пумпи Вирче-Општина Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски кој истакна дека оваа Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко-проектна документација - Проект за инфраструктура за 10(20) kV надземен вод од ДВ 10 kV Разловци до ТС 10/0,4 kV Пумпи Вирче Општина Делчево .Потребата за Проект за инфраструктура за 10(20) kV надземен вод од ДВ 10 kV Разловци до ТС 10/0,4 kV Пумпи Вирче Општина Делчево е решавање на долгогодишни проблеми што произлегуваат од преоптоварување на мрежата, безбедност на граганите и

корисниците и ослободување на површини согласно урбанистичката документација. Одлуката е исто така и во интерес на Општината и на ЕВН.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена а гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за 10(20) КВ надземен вод од ДБ 10 КВ Разловци до Трафостаница 10/0,4 КВ, пумпи Вирче-Општина Делчево.

**Триесет и втора точка-Измена на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше  Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека согласно новиот донесен Закон за култура, ЈЛБ „Илинден"-Делчево извршила усогласување на актот за Систематизација и Правилникот на работните места и работните задачи, изготвена е и ниова Функционална аналзиа, а следствено на тоа и измена на Годишниот план за вработување.

Истиот ви е доставен во прилог на материјалите за оваа седница и според измените за 2021 година, моменталниот број на вработени е 8, унапредувања не се планираат, пензионирања нема, испразнувања на работни места преку трансфер листа нема, се планираат 7 нови вработувања, од кои 4 во стручните служби и 3 помошно-технички персонал.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА", 3 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на  Измената на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2021 година.

**Триесет и трета точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица.**

Образлагач по оваа точка беше  Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека на барање на Општина М.каменица е изготвена оваа одлука со која Општина Делчево воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Македонска Каменица за вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор-

инспекторат Овластен инспектор за заштита на животна средина.За регулирање на меѓусебните права и обврски на Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе биде склучен Договор за меѓуопштинска соработка, согласно одредбите од член 29 на Законот за меѓуопштинска соработка, кој ќе биде потпишан од страна на градоначалниците на двете општини.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица.

**Триесет и четврта точка-Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2020 до 30.09.2020 со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој истакна дека денес на дневен ред е 9 месечниот извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево и се однесува на периодот 01.01.2020 година до 30.09.2020 година. Вкупниот број на вработени е 80 во редовен работен однос и 11 преку АПВ.Споредбената анализа на приходите и расходите покажува дека ЈКП „Брегалница“-Делчево заклучно со 30.09.2020 година остварило негативен финансиски резултат од 367.518 за третиот квартал,. што се должи пред се на на условите во кои работело ЈКП, пандемијата на Коронавирусот, намалената потрошувачка на вода, а со тоа и намалувањето на приходите од вода и канализација. Како ЈП очекуваме во наредниот период, до крајот на годината да се зголеми реализацијата на приходите и да се наулира негативата од 367.518,00 денари. Исто така намелни се приходите по основ на такса од градски пазар (поради неработењето на пазарот), а се зголемени расходите за плата поради покачувањето на минималната плата и усогласувањето направено по тој основ. Во наредниот период наша интенција е да ги намалиме ситу несуштински расходи/трошоци и да ја зголемиме наплатата. Кај некои расходни ставки и во извештајот се гледа дека се намалени, како на пример патни и дневни, репрезентација. Некои ставки се уште се големи на пример резервни делови бидејќи се уште имаме чести дефекти на возилата, претежно на оние за собирање смет, како и на некои други. Во извештајот се дадени и други показатели за финансиското работење на ЈКП. На некои ставки во приходниот дел во иднина очекуваме намалување на приходите од оправдани причини, за приходи од такса од полигон за полагање (лиценца има добиено друг субјект) и приходи од резервации на гробни места затоа што наша интенција е во иднина да не се прават резервации. Доколку во овој дел имате некои прашања, сметководителката е тука, ќе ви даде одговор, рече директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2020 до 30.09.2020.

**Триесет и петта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени на висината на надоместокот за користење на мртовечница со ладилник (капела) на Градски гробишта Делчево;**

И оваа точка ја образложи Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој истакна дека Советот на Општина Делчево на претходната седница донел Одлука за давање на користење и ставање во функција на градската капела. Следствено на тоа, УО на ЈКП на последната седница донел Одлука за утврдување на цени на висината на надоместокот за користење на мртовечница со ладилник (капела) на Градски гробишта Делчево и истиот изнесува 2.000 денари без ДДВ. При утврдување на цената се земени како пример цените во неколку соседни општини (1800, 2300).

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која го праша директорот конкретно што подразбира тој надоместок од 2.000 денари.

С.Стојковски рече дека тука спаѓа чување на телото а покојникот во ладилник без разлика колку часа или денови и негово изложување за одржување на обредите. ЈКП за тоа издава одобрение кое се дава на операторот кој дава погребални услуги.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата и по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени на висината на надоместокот за користење на мртовечница со ладилник (капела) на Градски гробишта Делчево.

**Триесет и шеста точка-Прашања и предлози**

Сашко Ивановски, предложи да се изготви Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на деца Македонци на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2020-2021 година, под истите услови како и за децата Роми, за кои на 43.седница на Советот беше донесена одлука.Својот предлог тој го образложи со тоа што смета дека децата Македонци што престојуваат во детската градинка, а се во социјален ризик се онеправдани во однос на децата Роми. Рече дека и ланската година кога се носела ваква одлука, тој предлил дополнување на дневниот ред, но не бил прифатен предлогот, со образложение дека треба да се разговара со Градоначалникот, директорот на градинката и службите. Еве, веќе цела година помина, сакам да знам дали е разговарано на таа тема и што е заклучено. Јас немам ништо против децата Роми, но барам и децата Македонци да бидат ослободени од партиципација и побара Секторот за финансии да достави писмен одговор дали Министерството за труд и социјална политика ги рефундира средствата по таа одлука на Општина Делчево и во кој износ.

Дијана Јосифовски, предложи во периодот кога децата од 1 до 3 одделение одат на училишта пред основните училишта и детската градинка да има полиција бидејќи конкретно децата што учат во ООУ „Св.Климент Охридски“, а живеат во Ново Делчево или реоните, мора да го преминуваат булеваротот/магистралниот пат во услови кога има многу сообраќај (возила, камиони, цистерни, мотори) и каде се вози со голеа брзина. Исто така,

заради безбедноста на децата ако има услови, да се постават пречки за забавување на брзината (лежечки полицајци).
Секторот за урбанизам/Општината или ЈКП (зависи кој е надлежен) да го дислоцира паното каде што се објавуваат некролозите од другата страна на улицата бидејќи е непријатно децата да го гледаат.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 46.седница заврши со работа во 14:50 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски